# GLOBALIZATION – CHALLENGE OR THREAT TO THE NATIONAL STATES AS A DOMINANT TYPE OF POLITICAL ORGANIZATION

**Pavle Trpeski**
Republic of Macedonia, pavletrpeski1@gmai.com

**Abstract:** The state can be considered as a multifunctional phenomenon, but today's popular beliefs are that the sovereign state is more normative than a descriptive statement, and a starting point that globalization is to blame for that. The nation state is a kind of political organization and territorial union that has supreme power and political axioms of independence and autonomy. The nation state prevailed as a dominant political unit in international relations starting from the nineteenth century to the "third wave" of globalization. Globalization as a multidimensional phenomenon constitutes an increasingly qualitative and quantitative level of economic, political and cultural integration of the modern world. Today, globalization is the dominant paradigm of political and theoretical discourse. . The process of globalization has seriously disrupted the traditional analytical and conceptual frameworks in which practical policies can be incorporated. The state has never existed in so diverse living world so it should be re-examined. The current political arena represents some kind of unstructured complexity (government organizations, international governmental organizations, regional organizations, transnational organizations, NGOs), which undermines the hierarchy of affortions and government, as a top-down strategy, where the national state is in the price of attention. If we rely on the theory of Aristotle's teleology of the state, which aims to provide a better life, one can reconsider to what extent the state within the framework of globalization must deny autonomy and independence in order to secure that better life but how and how globalization limits the state to provide a better life for its citizens.
**Keywords:** State, Power, Globalization

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА - ПРЕДИЗВИК ИЛИ ЗАКАНА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ДРЖАВИ КАКО ДОМИНАНТЕН ОБЛИК НА ПОЛИТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

**Павле Трпески**
Република Македонија, pavletrpeski1@gmai.com

**Резиме:** Државата може да се разгледува како повеќефункционален феномен, но денешните популарни сфаќања се дека суверената држава претставува повеќе нормативен одколку дескриптивен исказ, како и појдовна точка дека за тоа е виновна глобализацијата. Националната држава представува вид на политичка организација и територијална унија која има врховна власт и политички аксиоми на независност и автономија.Националната држава преовладувала како доминантна политичка единица во меѓународните односи почнувајќи од деветнаесетиот век па се до„третиот бран" на глобализација. Глобализацијата како мултидимензионален феномен преставува се повеќе квалитативно и квантитативно ниво на економска,политичка и културна интеграција на современиот свет. Денеска глобализацијата е доминантна парадигма во политичкиот и теорискиот дискурс. .Процесот на глобализација заначително ги пореметил традиционалните аналитички и концептуални рамки во кои може да се инкорпорираат практичните политики.Државата никогаш до сега не егзистирала во така разнолик животен свет па поради тоа треба и да се преиспита. Сегашната политичка арена представува некој вид на неструктуирана комплексност(владини организации,меѓународни владини организации,регионални организации,транснационални организации,невладини организации),што ги доведува во прашање хиерархијата на афторитети и власта,како стратегија од врвот надоле,каде националната држава е во ценатар на вниманието. Ако се потрпреме на теоријата на Аристотеловата телеологија на државата,по која нејзина цел е да обезбеди подобар живот,може да се преиспита во која мера државата во рамки на глобализацијата,мора да се одрече од автономијата и независноста како би го обезбедила тој подобар живот но како и колку глобализацијата ја ограничува државата да обезбеди подобар живот за своите граѓани.
**Клучни зборови**:Држава,Власт,Глобализација

**ВОВЕД**

Државата може да се разгледува како повеќефункционален феномен,чие својство со тек на времето се менува.Во седумнаесттиот век државите ги викале „смртен бог“,како што заклучил Tomas Hobs,додека во деветнаесеттиот век за Hegel државата била “нешто земско-небесно„Меѓутоа денешните популарни сваќања се дека суверената држава представува повеќе нормативен одколку дескриптивен исказ,како и појдовна точка дека за тоа е виновна глобализацијата.

Глобализацијата како мултидимензионален феномен преставува се повеќе квалитативно и квантитативно ниво на економска,политичка и културна интеграција на современиот свет.Конкретно таа ги обединува и кондензира просторот и времето но и ги убрзува размените на информации,луѓе и капитал.

Денеска глобализацијата е доминантна парадигма во политичкиот и теорискиот дискурс.Таа е дел од“нова планетарна Вулгата“(Bourdieu)и досега има невидена епохална динамика.Нејзината повеќеслојност ја трансформира военополитичката,културната и економската географија и го деконструира доскорешниот начин на концептуализација.Со тоа глобализацијата треба да има експлоататорска улога(можна)за опаѓање или повторна концептуализација на националната држава при можни нови предизвици.

Националната држава представува вид на политичка организација и територијална унија која има врховна власт и политички аксиоми на независност и автономија.Националната држава преовладувала како доминантна политичка единица во меѓународните односи почнувајќи од деветнаесетиот век па се до„третиот бран“ на глобализација.Процесот на глобализација заначително ги пореметил традиционалните аналитички и концептуални рамки во кои може да се инкорпорираат практичните политики.Државата никогаш до сега не егзистирала во така разнолик животен свет па поради тоа треба и да се преиспита.

Како би се одговорило на предизвиците на глобализацијата,потребно е да се реши недостатокот на национална рамка која во современиот свет покрај ефектот на традиционалните фактори кои се повеќе и повеќе ја доведуваат во прашање автономијата и функционалниот капацитет на националната држава и таа поприма статички па дури и метафизички карактер.Како би останале во игра„државите“ мораат да разберат дека тие не се единствените карактери и дека бројни фактори го поткопуваат нивниот авторитет.

Ваквата состојба бара модификација,транснационализација и космополитизација на државата.Државата во иднина ќе има повеќе шанси доколку побрзо го прифати новото устројство на меѓународните односи.Тезите за пропаѓање на државите или за смртни закани не се точни затоа што сега се случува некој вид на ново конфигурирање и прилагодување на државите во тек на процесот на глобализација,што доведува до трансформација на постоечката геометрија на моќ.

Делењето на глобалните политички структури и создавање на паралелни светови(државни и недржавни актери),како и појавата на фабрикувани ризици(болести,еколошки закани и сл.)ја тераат државата да се соочи со се поголеми предизвици.

Реалноста со оглед на глобализацијата е толку разнолика да моментално никој нема доволно сила ни знаење да го реши тој проблем.Тоа предизвикува сомнеж во силата на националната држава која би требало да бите клучен актер на политичката арена.Сегашната политичка арена представува некој вид на неструктуирана комплексност(владини организации,меѓународни владини организации,регионални организации,транснационални организации,невладини организации),што ги доведува во прашање хиерархијата на афторитети и власта,како стратегија од врвот надоле,каде националната држава е во ценатар на вниманието.

Денес постојат бројни актери кои се клучни во процесот на креирање на политиката и за таква променлива природа на политичкиот процес се користи описниот назив„државно управување“.Ќе кажеме дека се промениле технологиите на државното управување затоа што државната власт секогаш се движи нагоре-надоле и бочно,што се рефлектира со преод од владеење кон државно управување.Оваа дисперзија на моќта и активностите насочени кон актерите на различни просторни нивоа преставува највидлива промена на државата во глобаизираниот свет.Глобализацијата е клучен контекс во кој политичките процеси мора да се разберат благодарејќи на постојаните сили во бројни паралелни простори,како и благодарејќи на екстернализацијата на некои функции на владите.

Во суштина единствено решение за предизвиците на глобализацијата е поместување на функциите и нивно дисперзирање на разни политички и економски организации како и создавање на полиархаични мрежни модели на владеење.Структуралниот тренд на слабеење на националните држави кои се одржуваат на територијална и функционална реорганизација на капацитетите на власта на

супранационално,транснационално и субнационално ниво не би требало да ги доведува во врска со тезата за крајот на националните држави.

Филозовската појдовна точка не ги објаснува државите како темпорални туку како причинско-последични,и не би требало да се зборува за заменливоста на националните држави.Полезно е гледиштето на Pulancasa кој објаснува дека државата на некој начин е „самозаменлива“.

Ако се потрпреме на теоријата на Аристотеловата телеологија на државата,по која нејзина цел е да обезбеди подобар живот,може да се преиспита во која мера државата во рамки на глобализацијата,мора да се одрече од автономијата и независноста како би го обезбедила тој подобар живот но како и колку глобализацијата ја ограничува државата да обезбеди подобар живот за своите граѓани.

## 1. ГЛАДИЈАТОРИ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ

Економските сили прават детерминанти во интерпретација на моменталните политики.Економската глобализација се гледа како сила која претставува најголема закана на авторитетот на на нациналните држави и која ја намалува нивната моќ.Поради погоре наведеното потребно е да се обрати посебно внимание на овој аспект.Глобализацијата на производството,сообраќајот,комуникациите и финансиите го зголемува јазот помеѓу државите како„економски единици“и државите како„територијални и административни единици“

Глобализацијата ја подкопува историската консталација која го карактеризира коенстензивното истегнување на државата и економијата во рамките на истите национални граници,при што се создаваат транснационални економии во кои државите се примарно лоцирани внатрешно во пазарот,што е спротивно на националните економии кои се лоцирани во рамките на нивните граници.Сето ова се случува поради тоа што е прогласена неконвертибилност на доларот(1971 година).Како резултат на тоа се случило напуштање на контролата на меѓународните текови на капитал кои од тогаш слободно лутаа во потрага по поволни инвестициски шанси и поголем профит.

Светските валути тогаш го изгубиле формалното покритие со драгоцени метали,а како реакција на новите околности на меѓународните девизни и финансиски пазари се појавиле непознати финансиски инструменти кои имаат далекусежни ефекти на нациналната економска политика,посебно на нејзините три сегменти и тоа:монетарната политика,фискалната политика и политиката на девизниот курс.Националните економии почнаа да се отвараат со оглед на слободното движење на капиталот но поголемиот обем на тековите и потребата од постигнување на економска ефикасност,створија императив на конкуренција меѓу државите поради„логиката на капиталот“ по која тој се движи кон оние јурисдикции кои не претставуваат закана на профитот.Во врска со ова Dzordz Soros рекол„капиталот тежнее кон тоа да ги избегнува оние земји каде вработувањето е претерано оданочено и премногу заштитено“.

Значи способноста државата да дејствува спротивно на пазарните сили го руши фактот дека државата мора да ги снижи регулаторните стандарди као би привлекла странски капитал.Теоријата која доволно добро ја одразува суштината на глобализацијата и

смалувањето на регулаторните политики е „трка до дно(race to the bottom)“-RTB хипотеза.Наведената RTB хипотеза поаѓа од тоа што владите на нациналните држави мораат да ги дерегулираат своите економии како би ги продале своите политики на меѓународните инвеститори каки и внимателно ги разгледуваат преференсите на пазарните учесници.

Тоа доведува до„Racet efekt“со кој секоја нова дерегулација ја зголемува комплексноста на структурата и осетливоста на цените,спречувајќи со тоа враќање на националната регулација.Широка дерегулација спрема сваќањата на Saki Sasena,е втор назив на пропаѓање на државите во ваква форма.

Современите теории на раст,као што е „Harod-Dormarova“ теорија,сметаат дека потпирач на растот на домашниот производ е капиталот,кој е резултат на инвестиции и економски раст и дека тој е во врска со експоненцијалниот раст на инвестициите секоја година.

Во тек на процесот на глобализација тоа би значело дека националните економии би морале да се ослободат од „функциналната задолженост“додека владите на националните држави мораат во најголема мера да ја ограничат моќта на владеењето како не би претставувало оптеретување на капиталот.

Во стварноста широко се применува монетарна доктрина која како појдовна точка го има одстранувањето на државата од економијата.Се препорачува теорија на раст-економија-понуда(supply side economics)која се занимава со рестриктивна монетарна политика заснована на државни стимулации(стимулација на

инвестиции со подобна даночна политика,намалување на маргинални даночни стапки и дерегулација на економијата).
Така нациналните држави во текот на глобализацијата се соочуваат со намалени буџетски приходи од реални извори како и со „хронична болест“неможноста за интервенција како би обезбедиле поголема вработеност и социјална заштита на своите граѓани.Глобализацијата ја подкопува државата на повеќе начини а посебно нејзината основа за легитимност поради тоа што ја поминала транзицијата од кејензијанска национална држава на благосостојба кон шумпетеријанска постнационална работна држава.
Разликите помеѓу овие типови на држава се во валоризацијата на капиталот и репродукцијата на работна сила.Во современите глобализирани држави постои тренд на подредување на социјалната политика спрема потребите на структурните конкурентности и флексибилностите на пазарот на труд(Jeesop 2000;Fulcher 2000;530).Социјалната политика и пазарот на труд ќе станат флексибилни а тоа се постигнува со одстранување на „политички конструирани“препреки од непрекинатите операции на пазарните сили.Економскиот секретарјат (OECD)има дадено препорака за спроведување на политички реформи во студија на работење пред се поради ригидноста,како што се социјалните поволности и јакото законодавство,кои се означени како одговорни за раст на невработеноста во OECD зоната.
Кога станува збор за глобализацијата,суштинската природа на националните држави очигледно е дека претрпела промени и поминати трансформации како на карактерите така и во политичкиот фокус.Националните држави повеќе немаат толку силни улоги во обезбедувањето благосостојба на своите граѓани.Сега повеќе од кога и да било тоа зависи од надворешни фактори и поради тоа се нагласува дека„државите се на стаклени нозе“затоа што нивната легитимност во текот на процесот се повеќе можат да го оценуваат граѓаните(штрајкови,протести и сл.),при што макроекономскиот афторитет е ограничен.Тоа посебно се гледа во неспособноста на државата да води амбициозна монетарна и фискална политика како и политика на плати.Националната монетарна политика ја губи автономијата поради тоа што повеќе не може да биде екстровентно свртена кон тековите на меѓународниот капитал и мора да се вклучи во меѓународната макроекономска координација.
Европската унија е добар пример за тоа како монетарната политика е одземена од нациналните држави и е воспоставен Европски супранационален суверенитет на економијата(политика на конкуренција,јавна потрошувачка и државна помош)и монетарни прашања.
Европската централна банка единствено е одговорна за спроведување на монетарните политики и има слобода да одлучува за целната инфлација или за печатење на пари како и за стабилноста на цените.
Поранешниот Претседател на Р.Италија-Romano Prodi истакнал дека одрекувањето на државата од ексклузивното право да печати свои пари и прифаќањето на еврото како референтна валута значи напуштање на еден важен инструмент од суверенитетот на националната држава.Може да се каже дека државите членки на Европската унија-членки на монетарната унија во која важи девизната политика на еврото,повеќе немаат на располагање инструменти на традиционална политика ниту имаат„маневарски простор“.
Глобализацијата отишла и чекор понатаму разоткривајќи ја опаѓачката сила на државата во делот на меѓународните финансии.Како резултат на големиот современ процес на глобализација дошло до тоа да глобализацијата, меѓународните финансиски пазари во светот ги поврзала и економските цилкуси во повеќето земји се синхронизирани,така да криза доколку дојде во држава во која резервна валута е долар,многу брзо ќе се прошири на целиот свет(светска економска криза 2008 година).
Глобално интегрираниот банкарски сектор кој непрекинато работи на дерегулација,секуритизација(пакет на традиционални кредитни аранжмани со кои може да тргува)и можноста која корпорациите ја имаат да влезат на пазарите,ја намалува во сегашниот свет улогата на централните банки како институции кои обезбедуваат национална монетарна стабилност и создаваат потенцијални кредити кои имаат гаранција од државата.Глобализацијата исто така има произведено и„ штетна даночна конкуренција“таканаречени„фискални термити“кои му се закануваат на даночниот режим и доведуваат до сериозни последици по државниот фискален систем.
Овие „фискални термити“водат кон зголемена раздвиженост на работната сила,кон растење на електронското работење,кон можната замена на банкарските сметки со електронски пари на „смарт картици“,кон потешкотии за прибирање на информации за приходите и потрошувачката како и кон ширење на даночни засолништа(даночен рај).Владата и понатака може да наметне даноци(де јуре даночен

суверенитет)но тоа не значи дека ќе го оствари саканиот даночен приход и дека успешно ќе ја исполни саканата цел од даночната политика(де факто даночен суверенитет).Владите го задржале „де јуре даночниот суверенитет„но тој„де факто“е значително намален бидејќи владата е немоќна да ги оствари саканите приходи.

Промената на даночната конкуренција се гледа и во преместувањето на даночното оптеретување од мобилниот капитал на немобилна работна сила.Националната држава во услови на глобализација е во таква состојба што не може да ги оствари своите нормативни идеали,како што порано бил случај.

EntoniGidens верува дека со процесот на глобализација,способноста на долгорочно национално планирање е сериозно доведен во прашање.

## 2. НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА ВО КАФЕЗОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Наједноставно може да се каже дека во изминатиот период немало такви меѓузависности и состојби во кои надворешните влијанија ги одредувале судбините на националните(повеќенационалните) држави.Некои држави и покрај целата сила која ја имале во стварност немале сила своите граѓани да ги заштитат од евектите на надворешните одлуки кои ги донесувале други актери или ид ефектите на верижните процеси чии извор е надвор од границите на државите(спонтани лимити,позајмици по тековна сметка).Глобализацијата сама по себе го зголемува ризикот,но „Свет без граници“би значел дека и покрај „сите глечери кои плутаат надвор од територијалните води“ниту една влада нема никакво чувство на одговорност ниту има некаква сила да пронајде радикално решение.

Majkl Mandenbaum прецизно зборува за тоа дека„постладноратовските“земји би биле во состојба да ги сопрат своите армии,но затоа сето останато-идеи,производи и технологијата,лесно ги надминале своите граници.

Во овој труд пред се не интересира дали прашањата за тоа дали глобализацијата ги прави државите немоќни да ги заштитат своите жители и дали се поголемата соработка помеѓу општеството и државата представуваат закани кон националните држави како доминантен облик на политичка организација.Некои социоисторичари веруваат дека националната безбедност представува централна причина за воздигнувањето на државата.Најважна улога на националните држави е да ги заштити границите и да ја зачува физичката неповредливост на граѓаните кои живеат на нејзиното подрчје.

Современите безбедносни закани и предизвици кои по својата природа се транснационални и кои во голема мерка представуваат производ на глобализацијата(тероризам,организиран криминал,ширење на оружје за масовно уништување,болести,еколошки закани и сл.)допринесле да националните држави се толку ранливи и меѓусебно зависни така што скоро и да немаат монопол на поединечно решавање на заканите и проблемите.Како што е државата географски ограничена а безбедносните закани доаѓаат од недржавни актери,безбедноста се повеќе обезбедува приклонување кон регионални организации.

Но штом одредена држава почне да бара помош „од надвор“тоа значи дека повеќе не е во состојба да гарантира безбедност.Имајќи во предвид дека терористите се транснационало организирани со нивни структури и дека организираниот криминал повеќе нема хиерархиска туку мрежна структура,така што на државите им е се потешко да ја обезбедат безбедноста.

Поради глобализацијата на комуникациите,технологиите,транспортот и др.државата ја има намалена или изгубена контролата над истите.Достапноста до оружјата за масовно уништување и присаството на меѓународниот тероризам создадоа историска состојба во која државите имаат малку финансиски извори,а тие(меѓународниот тероризам) можат да ја загрозат безбедноста на многу силни држави.

Поради тоа во ерата на глобализацијата заканата кон една земја се гледа како закана по безбедноста на сите држави.Оваа нова состојба која е карактеристична за глобализираниот свет се нарекува„нова безбедносна дилема“.Тоа покажува дека разгледувањето на само националните интереси представува неадекватна и небезбедна политика.Значи постои се поголема потреба координирано да се дејствува на глобално ниво како и да се пристапи во регионални и меѓународни организации(НАТО).

Новите болести и инфекции со своите негативни влијанија на суверените држави представуваат закана за меѓународната безбедност.Глобалното ширење на микроорганизмите дополнително е зголемено со туризмот како и со миграциите.Глобализацијата ја зголеми „библиотеката на кодови“која е на располагање на сите патогени организми од различни региони.Тие сега може да го разменуваат генетскиот материјал со

други организми.Здравјето е камен темелник на материјалната сила на една држава и влијае на нејзиниот просперитет или дестабилизација на односите помеѓу општеството и државата.

Тоа укажува дека сваќањето на глобализацијата како закана кон националните држави би можело да биде точно и одржливо.Секако во историјата постојат бројни примери на такви закани по општеството и државата,во денешно време глобализација, државите ги прави посебно ранливи и скоро сите држави ги ограничува да обезбедат сигурност на своите граѓани.Зачестеноста на таквите закани во последните неколку години покажува дека државите се немоќни и дека се само сведоци на своите загуби.Единствено што можат е да соработуваат со меѓународните организации како би спречиле нанесување на поголеми штети на јавната инфраструктура.Предизвиците кои ја подкопуваат државата како суверена територијална единица се:економски,технолошки и демогравски процеси.

Потребен предизвик претставува промената на идентитетот кој денеска се случува.Се поголемата меѓузависност на државите во светот и притисокот на глобализацијата ги туркаа националните држави одозгора кон доле,покрај тоа што современите услови откриваат нови идентитети така што националните држави не се веќе единствена опција на лојалност и примарна основа на идентитетот.Резултатите од глбализацијата се нови непросторни идентитети кои не произлегуваат од националните држави.

Економската меѓузависност и глобализацијата ги воделе Европските интеграции,воглавно кон намалување на значењето на територијата и функцијта на националната држава.Авторката Kerolajn Klamer успешно го анализирала дискурсот на Европскиот пакт за миграција и азил(2008),кој покажува дека миграционата политика на ЕУ создава услови за создавање на ЕУ идентитет.Бидејќи Европскиот пакт им се обраќа на граѓаните на ЕУ како на Европски граѓани,тоа за Klamer претставува почеток на надминување на националната држава.

Dzoel Tufvesnon,исто така покажува дека државата повеќе не претставува„брак"помеѓу културата и политиката,притоа давајќи пример дека одредени елити повеќе не се идентификуваат со државата.

Tufvesnon видел нов вид на лојалност„Oresundskomiteten".По негово мислење,лојалноста дејствува во вакуум помеѓу националните држави.Како резултат на глобализацијата но и како нејзин дел овој комитет(Oresundskomiteen)е основан како би создал регионална интергграција на областите на Јужна Шведска и Северна Данска при што новосоздадениот комитет имал надлежности кои обфаќале област на економија,култура,екологија,политика и право.

Структурата на овој комитет и администрацијата ги сочинувале поединци од двете земји,кои претставувале„нова елита"на глобализираниот свет.Оваа нова елита не се идентификува првенствено со државата поради својата привилегирана состојба и пристапува на одредени ресурси и мрежи надвор од своите земји.

За авторот на овој труд тоа е важен пример кој го отсликува тоа да националната држава повеќе нема вистинска контрола на случувањата на својата територија при глобални процеси кои се материјализираат на националните територии.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Сликата на меѓународние односи се има изменето во минатите тресет години. Променета е и државоцентричната парадигма така што државата не е најважниот„modus operandi".Римскиот политичар Lentulus кажувал дека секоја новина е опасност.Новите транснационални актери сеуште не се толку опасни за да представуваат смртна закана за националните држави.Глобализацијата не ја симнува националната држава од престолот но и ги одзема привилегиите на највисока власт.Економското реструктуирање е најмоќниот двигател кој ја руши фузијата на постоечката јавна власт,како и физичкиот простор дефиниран со граници со што е изменет односот помеѓу функцијата и територијата.

Новите закани,ризици и предизвици во ерата на глобализацијата,државите ги направија толку ранливи и меѓусебно зависни така што тие немаат повеќе монопол над поединечните решавања на проблемите.Новосоздадените празнини и регулаиви во владеењето ја надминуваат конструкцијата на нова архитектура на политичко управување надвор од националните држави-транснационални политички режими.Државите повеќе не можат независно да ги решаваат проблемите без меѓународна соработка и супранационални интеграции,така што стануваат се помалку способни да управуваат со своите судбини.Може да се каже дека државата веќе не е единствен па дури ни главен извор на авторитет.Platonov Eutifronov проблем-ако нешто не е одсекогаш тука дали би требало да биде во иднина?-најдобро ги

опишува судбините на националните држави.трба да се преиспитаат националните држави во современите услови.Иако државата губи голем дел од својата власт во тек на процесот на глобализација,нејзината политичка функција,како и психолошкото значење овозможува онтолошка сигурност,која сеуште не исчезнала.После случувањата предизвикани од големата економска криза(2008),државите биле тие кои учествувале во формулирањето на политиката и извлекувањето на глобалната економија од рецесија.

Денес единствена закана претставува новата зона на неможност на управување(слаби држави,тероризам,криминал и неделотворен облик на глобална власт),каде државата мора да ја има одлучуваката улога како би можела да ги надмине.Слабоста на државта во економската свера е очигледна,а воочлив е и недостатокот на моќ на државата за да ги контролира процесите кои се одвиваат на нејзината територија.Меѓутоа националната држава својата сила може да ја зголеми со меѓународна соработка и интеграција во меѓународни организации.Стариот тип на држава која е исклучителна и болежлива денес е дисфункционален.Глобализацијата претставува предизвик на државите и од нив бара да бидат поинклузивни како и да делегира и да учествува за да ги унапреди вештините на управување

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Bleses,P and Seelib-Kaiser,M.the Transformation of the German Welfare State.New York:Palgrave Macmillan,2004.
[2] Causevic,F„Finansiska globalizacija I ekonomski suverenitet"Sociologija,Vol XLVI,No 1,2004:71-95.
[3] Ciric,J„Suverenitet u savremeno doba"Filozofija I drustvo 1,2008:191-216
[4] Drezner,D.„Globalization and Policy Convergence".International Studies Association,2001:53-78
[5] Grande,E.„Od nacionalne drzave do transnacionalnoga rezima politike"-drzavna upravljacka sposobnost u globalizacijskom razdoblju"-Politicka misao,vol.XXXIX,no 2,2002: 92-105
[6] Fulcher,J. ,,Globalisation,the nation-state and global society."The sociological review,,2000: 521-543
[7] Greve,B.The future of the Welfare State:European and Global perspectives,Aldershot:Ashgate,2006
[8] Habermas, J. ,,Evropska nacionalna drzava pod pritiskom globalizacije".Nova Srpska politicka misao, vol.VII, no 3-4 ; 139-153.
[9] Hiks,S. ,,Politicki sistemi Evropske unije"-Beograd:Sluzbeni glasnik,2007.
[10] Jaksic.M. ,,Globalizacija I javna politika"-Poslovni krug,decembar,1997:1-12
[11] Jessop,B. ,,Globalization and the National State"-Department of Sociology,Lancaster University,2000:1-19
[12] Keating,M. ,,Plurinational Democracy"—Oxford:Oxford University Press,2001.